**2377.**

Врз основа на член 77 став (5) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13), министерот за внатрешни работи донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОНТРОЛЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА НАЈМАЛКУ 1% ОД БРОЈОТ НА ПРЕГЛЕДАНИТЕ ВОЗИЛА ЗА КАТЕГОРИИТЕ ВОЗИЛА ЗА КОИ Е ОВЛАСТЕНО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОРОТ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапките за вршење на контролен технички преглед на најмалку 1% од бројот на прегледаните возила за категориите возила за кои е овластено правното лице за технички преглед при спроведување на надзорот од страна на Министерството за внатрешни работи.

Член 2

Работите на технички преглед се извршуваат од страна на овластени правни лица.

Овластените правни лица го вршат техничкиот преглед најмалку за една група категории на возила.

Член 3

Од страна на министерството за внатрешни работи контролен технички преглед се врши на најмалку 1% од бројот на прегледаните возила за категориите возила за кои е овластено правното лице за технички преглед.

Контролниот технички преглед се врши по претходно извршен технички преглед на возилата и издадените документи за извршениот преглед од страна на овластеното правно лице.

Член 4

Контролниот технички преглед опфаќа повторен преглед на возилото од страна на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи, и тоа во однос на целокупната спроведена постапка и резултатите од прегледот за утврдување на техничката исправност на возилото.

Повторниот преглед од ставот 1 на овој член опфаќа технички преглед, со кој се утврдува исправноста на пропишаните системи, составни делови, самостојни технички единици на возилото, а особено уредите за управување, уредите за сопирање, пневматиците и уредите за давање на светлосни сигнали, уредите за осветлување на патот, уредите за испуштање на согорените гасови и преглед на идентификационите броеви на возилото.

При вршење на контролниот технички преглед од страна на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи се врши преглед на начинот на водење на евиденција за извршениот технички преглед на возилото од страна на овластеното правно лице за технички преглед.

Член 5

Од страна на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи при контролниот технички преглед се врши увид во снимките од воспоставениот систем на видео надзор, со цел да се утврди вердостојноста на извршениот технички преглед на возилото.

Член 6

За извршениот надзор при вршењето на контролниот технички преглед од страна на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи се изготвува службен материјал, со чија содржина е запознаено одговорното лице во овластеното правно лице за технички преглед.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-43616/1
9 јули 2013 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**2378.**

Врз основа на член 31 став (4) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за транспорт и врски, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ИЗВРШЕНА РАБОТА И НАДОМЕСТОКОТ ЗА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРОЦЕНА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена на недвижен имот кој го наплаќаат овластените проценувачи за извршената процена.

Член 2

Висината на наградата за извршена процена на недвижен имот изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| I. | СТАНОВИ | |
| 1. | до 40 м² | 4.000,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 41 м² до 75 м² | 5.000,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 76 до 90 м² | 6.500,00 ден без ДДВ |
| 4. | од 91 до 150 м² | 8.000,00 ден без ДДВ |
| 5. | над 150 м² | 9.000,00 ден + 30 ден за секој 1 м² над 150 м² без ДДВ |
| II. | КУЌИ | |
| 1. | до 100 м² | 4.500,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 101 до 200 м² | 5.000,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 201 до 350 м² | 5.500,00 ден без ДДВ |
| 4. | над 350 м² | 6.000,00 ден + 30 ден за секој 1 м² над 350 м² без ДДВ |
| III. | ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ (ГАРАЖА, ОСТАВА, ПОДРУМ) | |
| 1. | За еден (1) објект | 800,00 ден без ДДВ |
| 2. | секој нареден објект | + 300,00 ден без ДДВ |
| IV. | ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ | |
| 1. | до 60 м² | 7.500,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 61 до 100 м² | 9.500,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 101 до 200 м² | 13.000,00 ден без ДДВ |
| 4. | од 201 до 300 м² | 15.000,00 ден без ДДВ |
| 5. | над 300 м² | 18.000,00 ден + 60 ден за секој 1 м² над 300 м² без ДДВ |
| V. | ЗЕМЈИШТЕ (ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО) | |
| 1. | до 600 м² | 5.000,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 601 до 1000 м² | 7.000,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 1001 до 3000 м² | 9.000,00 ден без ДДВ |
| 4. | од 3001 до 6000 м² | 12.000,00 ден без ДДВ |
| 5. | над 6001 м² | 15.000,00 ден без ДДВ |
| VI. | БЕНЗИСКИ ПУМПИ | |
| 1. | Основна функција | 30.000,00 ден без ДДВ |
| VII. | МАГАЦИНИ, ХАЛИ, СТОВАРИШТА, ПРОИЗВОДНИ ХАЛИ | |
| 1. | до 1000 м² | 18.000,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 1001 до 2000 м² | 25.000,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 2001 до 4000 м² | 40.000,00 ден без ДДВ |
| 4. | од 4001 м² до 5000 м² | 55.000,00 ден без ДДВ |
| 5. | над 5001 м² | 65.000,00 ден без ДДВ |
| VIII. | ХОТЕЛИ, МОТЕЛИ, ОДМОРАЛИШТА | |
| 1. | до 600 м² | 30.000,00 ден без ДДВ |
| 2. | од 601 м² до 1000 м² | 50.000,00 ден без ДДВ |
| 3. | од 1001 до 2000 м² | 70.000,00 ден без ДДВ |
| 4. | од 2001 до 3000 м² | 90.000,00 ден без ДДВ |
| 5. | над 3001 м² | 100.000,00 ден без ДДВ |

Член 3

Висината на наградата за извршената процена може да биде пониска, но не повеќе од 20 % од утврдената во член 2 на овој правилник.

Член 4

Надоместокот за реално потребни трошоци за вршење на процената се пресметуваат врз основа на:

- реално направените трошоци за превоз надвор од седиштето на проценувачот и тоа до висина на трошоците на возниот билет што го користел проценувачот, односно 30% од трошоците за гориво и патарини при користење на сопствено возило;
- трошоци за ноќевање направени надвор од седиштето на проценувачот и
- трошоци за копирање, превод и слично направени над 1000 денари.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-6571
10 јули 2013 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески**, с.р.